ГЛОБАЛЕН СТАНДАРД
ЗА ОТЧЕТНОСТ НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

12 ЗАЛОЖБИ ЗА ДИНАМИЧНА ОТЧЕТНОСТ

НОВИ ОБЛИЦИ НА ОТЧЕТНОСТ И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕТО НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Граѓанските организации (ГО) играат клучна улога во креирањето на праведни општества и здрава планета. Работиме со голем број чинители, партнери и особено со засегнатите граѓани. За да бидеме успешни, треба да бидеме во постојан дијалог со сите засегнати страни за она што тие го сакаат, она што тие имаат да го понудат и за тоа како можеме да работиме заедно за да ги постигнеме потребните промени.

ДИНАМИЧНА ОТЧЕТНОСТ

Повратните информации се важни за да донесеме информирани одлуки и притоа да можеме постојано да ги подобруваме нашите активности и резултати, како и да градиме односи базирани на доверба. Ова динамично разбирање на отчетноста е самата суштина на Глобалниот стандард за отчетност на граѓанските организации. Отчетноста ја преобразува во еден непрекинат дијалог кој поттикнува учење и промени, ја зголемува довербата кај сите засегнати страни и го подобрува легитимитетот и кредибилитетот на граѓанските организации, што е од критична важност во ова време одбележано со стеснување на просторот за делување на граѓанското општество.

Водејќи се од Инстанбулските принципи за развојна ефективност на ГО1 и богатото искуство на секторот, повеќе мрежи на ГО од Африка, Азија, Австралија, Европа, Северна Америка, Латинска Америка и Карибите, во кои отчетноста е фокус на нивните активности, работеа заедно две години да го креираат Глобалниот стандард кој го опфаќа заедничкото разбирање, на глобално ниво, за тоа што е динамична отчетност.

Целта на Глобалниот стандард е да се централизира овој динамичен пристап кон отчетноста на начини кои ја зајакнуваат ефективноста, поврзаноста и кредибилитетот на граѓанските организации.

Глобалниот стандард е референтен стандард. Тој цели да го зајакне усогласувањето на постоечките или нови стандарди и практики за отчетност, а не да ги замени истите.

Глобалниот стандард може да се користи на доброволна основа како референтна точка од страна на:

- граѓанските организации, мрежите на граѓански организации и групите за застапување, за да ги подобрат нивните стандарди и практики за отчетност;
- владите и донаторите, за да создадат овозможувачки регулативи и политики за финансирање на граѓанските организации;
- сите засегнати страни, да бараат одговорност и отчетност од граѓанските организации; и
- граѓанските организации, за да овозможат создавање на ефективни партнерства.

Глобалниот стандард вклучува 12 заложби и соодветни клучни активности кои ГО ветуваат дека ќе ги остварат и врз основа на кои може да се определи нивната одговорност. Стандардот е напишан на едноставен јазик за да го олесни дијалогот со сите засегнати страни и комуникацијата со поширокатa јавност.

Заложбите се поделени во три групи: што целат граѓанските организации да постигнат, нивниот пристап кон промените и нивните внатрешни практики. Заложбите формираат една интегрирана целина и меѓусебно се надополнуваат. Тие се намерно формулирани да изразуваат стремеж; во фокусот не е само на тоа што прават ГО сега, туку на она што тие може да го прават во иднина. Заложбите се повик до граѓанските организации да ги подобрат своите перформанси, и поединечно и колективно и да придонесат за подобар свет. Заедно, тие претставуваат моќен наратив за улогата и вредноста на граѓанското општество, сега и во иднина.

Дополнително, Водичот за употреба содржи совети за тоа како да се користи Стандардот, вклучувајќи и како да се процени дали ГО ги исполнуваат заложбите и дали стандардите за отчетност се усогласени со глобалниот референтен стандард.

Кога ќе се исполнат овие заложби, граѓанските организации ќе воспостават поблиски врски со засегнатите страни, постојано подобрувајќи ги нивните перформанси, градејќи доверба во турбулентни времиња, зајакнувајќи го нивното индивидуално и колективно влијание, и подобрувајќи го нивниот придонес кон Целите на одржлив развој2.

ГЛОБАЛНИОТ СТАНДАРД...

... создава дијалог помеѓу луѓето и гради доверба	Преку нагласување на динамичен пристап кон отчетност што ги става повратните информации од учесниците во преден план
... ја усогласува отчетноста на граѓанското општество на глобално ниво	Преку дефинирање на клучните принципи и добри практики на отчетност на ГО кои се користат во целиот свет
... ги зајакнува постојните рамки и стандарди	Преку презентирање нова амбициозна одредница и практични упатства за тоа како да се работи кон неа
... поддржува силен глас на ГО во услови на стеснување на граѓанскиот простор	Преку овозможување отворена споредбена комуникација за што придонесуваат ГО, како го прават тоа и како ќе ја задржат отчетноста и одговорноста

ТРИ КЛАСТЕРИ

12ТЕ ЗАЛОЖБИ

КЛАСТЕР А
ШТО САКАМЕ ДА ПОСТИГНЕМЕ

КЛАСТЕР Б
НАШИОТ ПРИСТАП КОН ПРОМЕНИ

КЛАСТЕР В
НАШЕТО ИНТЕРНО РАБОТЕЊЕ

КЛАСТЕР А
ШТО САКАМЕ ДА ПОСТИГНЕМЕ

Првите четири заложби ја претставуваат сеопфатната амбиција на сите граѓански организации. Ние се придржуваме до сите и особено придонесуваме за оние кои се најблиску до нашата мисија.

ЗАЛОЖБА 1:
ПРАВДА И ЕДНАКВОСТ

Ќе одговориме на неправда, изолираност, неедначвост, сиромаштија и насилство за да креираме здрави општества за сите.

1.1 Ќе ги слушаме луѓето, и ќе ги разбереме и решаваме главните причинители за неправда, насилство и нееднаквост и ефекти предизвикани од нив.

1.2 Ќе бидеме пример за да ги поттикнеме другите: ќе бидеме инклузивни, ќе ги почитуваме и унапредуваме човековите права во нашата организација и ќе се осигураме дека и ние не причинуваме штета.

1.3 Ќе ги поддржиме луѓето да ги знаат своите права и да побараат одговорност за почитување, заштита и нивно спроведување од оние кои се одговорни за истите.

1.4 Ќе соработуваме со други чинители за заеднички да одговориме на основните причини за и ефекти од неправда, насилство и нееднаквост, и за да обезбедиме правата на сите луѓе да се почитувани и заштитени.

ЗАЛОЖБА 2:
ПРАВА НА ЖЕНИТЕ И РОДОВА ЕДНАКВОСТ

Ќе ги промовираме правата на жените и ќе ја унапредуваме родовата еднаквост.

2.1 Ќе ги слушаме жените, мажите, девојчињата и момчињата за да ги разбереме и отстрануваме главните причинители за дискриминација и родова нееднаквост и нивните ефекти.

2.2 Ќе бидеме пример за да ги поттикнеме другите: ќе се справуваме со родовата нееднаквост и ќе обезбедиме правата на жените да се почитуваат во се што правиме.

2.3 Ќе ги зајакнеме способностите на жените и девојчињата за да живеат исполнети животи.

2.4 Ќе соработуваме тесно со сите делови на општеството, вклучувајќи ги и мажите и момчињата, за да поттикнеме трајна економска, политичка и социјална промена кон правата на жените и родовата еднаквост.

ЗАЛОЖБА 3:
ЗДРАВА ПЛАНЕТА

Ќе ја заштитуваме природната средина и ќе ја унапредиме нејзината способност за поддршка на животот на идните генерации.

3.1 Ќе ги слушаме луѓето и ќе се консултираме со експерти за да ги разбереме еколошките проблеми со кои се соочуваат луѓето и природата, и како најдобро да ги решиме.

3.2 Ќе бидеме пример за да ги поттикнеме другите: Ќе го мапираме нашето влијание врз животната средина, ќе го минимизираме најмногу што можеме и ќе бидеме отворени за нашите успеси и неуспеси.

3.3 Ќе ги мотивираме и поддржуваме луѓето да ја заштитуваат животната средина и да промовираат системски промени за здрава планета.

3.4 Ќе соработуваме со учесници од различни сектори за да развиеме иновативни и системски решенија за проблемите во животната средина.

ЗАЛОЖБА 4:
ТРАЈНИ ПОЗИТИВНИ ПРОМЕНИ

Ќе испорачаме долгорочни позитивни резултати.

4.1 Ќе учиме од луѓето и партнерите каде може да дадеме најголем придонес кон она што веќе постои.

4.2 Ќе ги поддржиме луѓето да имаат доволно информации, ресурси и капацитет за активно да поттикнуваат промени кои заедно сакаме да ги видиме.

4.3 Ќе ги следиме и оценуваме нашите долгорочни резултати во консултација со луѓето со кои работиме, вклучувајќи ги и ненамерните негативни ефекти.

4.4 Ќе соработуваме со други партнери на начин на кој заемно ќе ги градиме нашите капацитети и ќе обезбедите отчетност за нашето заедничко влијание.

4.5 Постојано ќе следиме, оценуваме, учиме, ќе се прилагодуваме и ќе бидеме иновативни, со фокус на трајни резултати.

КЛУЧНИ ДЕЈСТВА

КЛУЧНИ ДЕЈСТВА

КЛАСТЕР Б
НАШИОТ ПРИСТАП КОН ПРОМЕНИ

ЗАЛОЖБА 5:
РАБОТА ВОДЕНА ОД ЛУЃЕ

Ќе обезбедиме луѓето со кои работиме да имаат клучна улога во водење на нашата работа.

5.1 Ќе учиме од луѓето што работат со нас и кои ги претставуваме, за нивните проблеми да се нашите цели.

5.2 Ќе ги поддржиме луѓето да преземат активна улога во водењето на промените што заеднички сакаме да ги видиме.

5.3 Ќе обезбедиме ставовите на луѓето да се добро одразени во процесот на донесување одлуки на сите нивоа на нашата организација.

5.4 Ќе бараме повратни информации од луѓето и ќе делуваме врз основа на истите за да ги подобриме нашите перформанси и колективното влијание.

ЗАЛОЖБА 6:
СИЛНИ ПАРТНЕРСТВА

Ќе работиме во партнерства базирани на чесност и почит со цел да ги остваримe заедничките цели.

6.1 Ќе идентификуваме организации кои работат на слични цели и ќе градиме партнерства базирани на почит кои ќе овозможат подобро да се искористат нашите поединечни јаки страни.

6.2 Ќе настојуваме улогите и одговорностите на нашата организација и нашите партнери да бидат јасни и праведни.

6.3 Ќе соработуваме со различни типови на организации за да постигнеме заеднички цели.

6.4 Ќе споделуваме информации, ресурси и знаења со нашите партнери за заеднички да донесеме важни одлуки.

ЗАЛОЖБА 7:
ЗАСТАПУВАЊЕ ЗА ФУНДАМЕНТАЛНИ ПРОМЕНИ

Ќе ги адресираме главните причинители преку застапување за фундаментални промени.

7.1 Ќе настојуваме нашите активности за застапнување да се базираат на докази, и да ги вклучуваат гледиштата на засегнатите лица.

7.2 Ќе се застапуваме за позитивни промени кои ги опфаќаат и главните причинители и нивниот ефект.

7.3 Ќе ги поддржиме луѓето – вклучувајќи ги сите засегнати – да учат, да се поврзат, да се мобилизираат и да се слушне нивниот глас.

7.4 Ќе го ублажиме ризикот за луѓето кои се вклучени во или се под влијание на нашите активности за застапување.

7.5 Ќе ги оцениме ефектите од нашето застапување во консултација со засегнатите лица.

ЗАЛОЖБА 8:
ОТВОРЕНИ ОРГАНИЗАЦИИ

Ќе бидеме транспарентни за тоа кои сме, што правиме и кои се нашите успеси и неуспеси.

8.1 Ќе споделуваме информации за тоа кои сме, што правиме и како донесуваме одлуки, кои се ресурсите што ги имаме, како и позитивните и негативните влијанија од нашата работа.

8.2 Ќе споделуваме информации навремено и точно и на начини достапни за сите луѓе.

8.3 Ќе воспоставиме и ќе се придржуваме кон јасни процедури во нашата организација за да се почитува правото на приватност и заштитата на личните податоци од злоупотреба.

8.4 Ќе обезбедиме можности за луѓето да ја проверат нашата работа и да се вклучат во конструктивен дијалог, со цел да се дојде до заедничко разбирање кога тоа е можно.

8.5 Ќе настојуваме нашата комуникација и нашиот маркетинг да се одраз на нашите вредности и да ги штитат достоинството и приватноста на луѓето.

КЛУЧНИ ДЕЈСТВАS

КЛАСТЕР В
НАШЕТО ИНТЕРНО РАБОТЕЊЕ

ЗАЛОЖБА 9:
ОСПОСОБЕНИ И ЕФЕКТИВНИ ВРАБОТЕНИ И ВОЛОНТЕРИ

Ќе инвестираме во персоналот и волонтерите со цел развивање на нивниот целосен потенцијал и остварување на нашите заеднички цели.

9.1 Ќе настојуваме персоналот и волонтерите да учествуваат и работат во согласност со нашите вредности и професионални стандарди.

9.2 Ќе воспоставиме практики за регрутирање и вработување кои се праведни и транспарентни и вреднуваат разновидност.

9.3 Ќе ги поттикнуваме персоналот и волонтерите постојано да ги подобруваат своите вештини и ќе ги обезбедиме ресурсите кои им се потребни за да го сторат тоа.

9.4 Ќе ги вклучиме персоналот и волонтерите од сите нивоа на нашата организација во планирањето и донесувањето одлуки и ќе поттикнуваме лидерство.

9.5 Ќе ја заштитиме личната сигурност на луѓето кои работат со нас и ќе создадеме праведна и стимулирачка работна средина.

ЗАЛОЖБА 10:
ДОБРО УПРАВУВАНИ РЕСУРСИ

Ќе ги користиме нашите ресурси одговорно за да ги остваримe нашите цели и за да му служиме на јавното добро.

10.1 Ресурсите ќе ги обезбедуваме на начини кои се во согласност со нашите вредности, независност и цели.

10.2 Одговорно ќе управуваме со ресурсите, користејќи ги за причините за кои се предвидени и на начин на кој се максимизира влијанието.

10.3 Ќе исполнуваме професионални сметководствени стандарди и ќе обезбедиме строга финансиска контрола за да се намали ризикот од корупција, поткуп, злоупотреба на средства, и судир на интереси.

10.4 Отворено и транспарентно ќе известуваме за тоа од каде ги обезбедуваме нашите ресурси и како управуваме со нив.

ЗАЛОЖБА 11:
ОТВОРЕНО И НАВЕРЕМЕНО ДОНЕСУВАЊЕ НА ОДЛУКИ

Ќе сбезбедиме нашите одлуки да соодветствуваат со повратната информација од луѓето кои се засегнати од нашата работа, партнерите, волонтерите и персоналот.

11.1 Ќе поттикнуваме и анализираме повратни информации и поплаки од клучните групи на засегнати страни, со цел информирано да донесуваме одлуки.

11.2 Ќе обезбедиме процесот на донесување на одлуки на сите нивоа да ги рефлектира повратните информации од сите релевантни чинители, особено од лицате засегнати од нашата работа.

11.3 Ќе објасниме како луѓето може да дадат свој придонес и повратни информации во процесот на донесување одлуки.

11.4 Ќе ги оспособиме персоналот и волонтерите на клучните позиции да одговараат на повратните информации и да донесуваат навремени одлуки.

11.5 Ќе ги објавуваме добиените повратни информации, начинот на кој тие се користат и промените кои произлегуваат од нив.

ЗАЛОЖБА 12:
ОДГОВОРНО ЛИДЕРСТВО

Ќе обезбедиме нашите управувачки и раководни тела да бидат отчетни.

12.1 Ќе се осигураме нашата стратешка насока, правно усогласување, управување со ризик и перформанси да бидат надгледувани од независно управувачко тело.

12.2 Ќе бараме подеднаква отчетност и одговорност од управниот орган и раководството во остварувањето на нашите стратешки цели и исполнувањето на заложбите од овој Стандард.

12.3 Ќе негуваме култура на отчетност, каде сите вработени и волонтери ќе имаат висока свест за отчетност за своите постапки и влијанија.

12.4 Ќе поддржуваме одговорно, визионерско и иновативно лидерство на сите нивоа.

12.5 Ќе ги сметаме за сериозни сите внатрешни и надворешни жалби и спорови, создавајќи безбеден простор и соодветни механизми за нивно решавање.

КЛУЧНИ ДЕЈСТВА

КЛУЧНИ ТЕРМИНИ И ДЕФИНИЦИИ

ОТЧЕТНОСТ: Преземање одговорност за своите постапки и влијанија; да се биде отворен и искрен кон сите засегнати страни - вработените, заедниците, донаторите - на транспарентен и лесно разбирлив начин; преземање на сé што е потребно за да се постигнат целите и мисијата на фер и праведен начин; и отворено споделување на информации.

ЗАСТАПУВАЊЕ: Јавно промовирање на позиции и ставови пред поширокаta јавност, со цел да се влијае или да се создаде промена.

УСОГЛАСУВАЊЕ: Прилагодување на практиките или стандардите за отчетност на организацијата врз основа на принципите на Глобалниот стандард, содржината и структурата, истовремено обезбедувајќи дека прилагодувањата соодветствуваат со контекстот и организацискиот капацитет.

ГРАЃАНСКИ ПРОСТОР: Кога граѓанскиот простор е отворен, граѓаните и граѓанските организации имаат можност да се организираат, да учествуваат и да комуницираат без пречки. Притоа, тие може да ги бараат своите права и да влијаат на политичките и општествените структури околу нив.

ГРАЃАНСКА ОРГАНИЗАЦИЈА (ГО): Граѓански, непрофитни и невладини организации во кои луѓето се организираат за да ги следат заедничките интереси во јавниот домен. Тие покриваат широк спектар на организации, вклучувајќи организации базирани на заедница или на членство, организации за застапување, организации фокусирани на конкретна тема организации кои нудат услуги.

ИНИЦИЈАТИВИ ЗА ОТЧЕНОСТ НА ГО: Граѓански организации и мрежи кои промовираат и влијаas на отчетноста на ГО на национално, регионално и глобално ниво. Нивните активности вклучуваат промоција и менаџирање на етички кодекси или стандарди за отчетност на ГО, како и активности за застапување, истражување и развој на капацитети. Нивната цел е да ги подобрат практиките на отчетност на ГО ширум светот.

ОВОЗМОЖУВАЧКА ОКОЛИНА: Надворешна или оперативна околина или простор кој ги вклучува владините политики, политиките за финансирање од донатори, ставовите на заедницата, очекувањата и нормите во врска со граѓанските организации.

ПРАВЕДНОСТ: Да се биде фер, непристрасен и да се обезбеди сите да имаат пристап до ресурсите, можностите, моќта и отчетноста што им е потребна за да го достигнат својот целосен, здрав потенцијал.

ЕДНАКВОСТ: Третирање на сите еднакво, без поединци или групи на поединци третирани поинаку или полошо врз основа на нивната раса, пол, хендикеп, религија или убедување, сексуална ориентација, возраст или други карактеристики.

МЕХАНИЗАМ ЗА ПОВРАТНИ ИНФОРМАЦИИ: Формален сет на системи и практики формирани со цел да се бара и одговори на ставовите на засегнатите страни за работата и влијанието на ГО. Овие информации понатаму се користат за различни цели, вклучувајќи преземање корективна акција за подобрување на перформансите.

ЗДРАВА ПЛАНЕТА: Добро балансиран збир на екосистеми кои придонесуваат за здрави заедници и општества преку обезбедување на стоки и услуги (вклучувајќи храна, чист воздух, свежа вода, лекови и средства за живот) од суштинско значење за опстанокот на човекот за сегашните и идните генерации, и поддршка на нивната способност да прифатат и да се опорават од нарушувања.

ЗДРАВО ОПШТЕСТВО: Општество кое им овозможува на сите, колективно или индивидуално, да имаат улога во создавањето на иднината на своите заедници и кое може да одговори на потребите на граѓаните.

ВЛИЈАНИЕ: Резултати и ефекти (позитивни и негативни) од одредена иницијатива, програма или активност.

ПРАВДА: Обезбедување сите луѓе да имаат еднакви права и пристап до економски, социјални и политички придобивки во општеството, без дискриминација.

ТРАЈНИ ПОЗИТИВНИ ПРОМЕНИ: Процесот со кој активностите на организацијата придонесуваат за трајни резултати кои го подобруваат квалитетот на животот на луѓето долгорочно.

ЛИДЕРСТВО: Раководството на организацијата и одборот на директори, кои обезбедуваат сеопфатно управување и водење на организацијата.

ПАРТНЕРИ: Организации, поединци и други актери со кои работиме заедно, кои имаат дефинирани улоги и одговорности за постигнување на заеднички цели.

ПАРТНЕРСТВО: Договор за преземање на дејствија од кои ќе имаат корист сите вклучени, донесувајќи резултати кои не може да се постигнат од страна на една организација која работи сама, и намалување на дуплирањето на напорите. Успешната соработка го подобрува влијанието и ефикасноста на една акција преку комбинирање и поефикасно користење на ресурси, промовира иновација и се одликува со силна посветеност на секој партнер.

ЛУЃЕ: Главната целна група на работата на граѓанските организации - лица кои имаат директна корист од работата на организацијата. Тие исто така може да бидат лица кои се вклучени во нашата работа, се под влијание на нашата работа, или ранливите и маргинализираните луѓе. Во зависност од

каков вид на работа врши организацијата, тие понекогаш се нарекуваат и корисници или клиенти.

ЛИЦАТА КОИ РАБОТАТ СО НАС: Ова се однесува на вработени, волонтери, консултанти или некој што ја врши работата на организацијата или ја претставува организацијата на некој директен начин.

ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ: Секоја информација која директно или индиректно ги идентификува или може да се користи за идентификација на поединецот врз основа на еден или повеќе фактори специфични за неговиот или нејзиниот физички, физиолошки, ментален, економски, културен или социјален идентитет.

ЈАВНОСТ: Група на лица која е надворешна во однос на работата на организацијата, и нема директна корист од работата на организацијата, но има интерес за работата на организацијата поради тоа што се случува во нејзината непосредна околина. Овие лица понекогаш се нарекуваат граѓани, жители, општеството итн.

РЕФЕРЕНТЕН СТАНДАРД: Стандард кон кој граѓанските организации не пристапиле, ниту се формално против, но кој може да го земат предвид при развојот на нивната сопствена пракса и само-регулација.

РЕСУРСИ: Секаков вид на финансиска или материјална помош што ја добиваме од активности за прибирање средства, партнери за финансирање, поддржувачи, филантропи и поединци кои ги користиме за да ги постигнеме своите цели и целите на нашата организација.

ГЛАВНИ ПРИЧИНИТЕЛИ: Клучните причинители за појавата и постоењето на проблем. Наместо да се фокусираме на ефектите и симптоми на проблемот, ние мора да го увидиме и да одговориме на корените на проблемот со цел да придонесеме кон одржливи промени.

ПЕРСОНАЛ: Тоа се лица кои се ангажирани во работата или кои работат со организацијата. Тие можат да бидат официјално вработени во организацијата, или официјално да ја преставуваат и да дејствуваат во име на организацијата. Овие лица вклучуваат редовно вработени, волонтери, консултанти и тела за донесување одлуки.

ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ: Поединци или групи кои ги засегаат или се засегнати од политиките и/или активностите на организацијата.

СТАНДАРД: Принципи и норми за мерење на квалитетот на организациските услуги и системи.

ПРАВА НА ЖЕНИТЕ: Правата на жените се човекови права загарантирани од страна на Обединетите Нации во 1948 година. Овие права вклучуваат, но не се ограничени на, правото на живот ослободен од насилство, ропство, и дискриминација; право на образование; на сопственост; на глас; и да работат за фер и еднаква плата.

КОНТАКТ

Тимот на Глобален стандард е желен да учи и да ја подобрува својата работа. Затоа, сакаме да ве поттикнеме да ну ги испратите вашите коментари и повратни информации на feedback@csostandard.org. За повеќе информации и комплетната листа на организациите кои го развија Глобалниот стандард, како и други релевантни ресурси и документи во подготовка, ве молиме посетете ја веб страната: www.csostandard.org.

Вебстрана: www.csostandard.org
Е-маил: feedback@csostandard.org
Твитер: @CSOStandard

Глобалниот стандард е создаден од:
Accountable Now, International
Australian Council for International Development, Australia
Balkan Civil Society Development Network, Balkans
Cooperation Committee for Cambodia, Cambodia
InterAction, USA
Quality Assurance Certification Mechanism, Uganda
Rendir Cuentas, Latin America and the Caribbean
Voluntary Action Network India, India
Viwango, Kenya
International Civil Society Centre, International

Поимот „динамична отчетност“ е креиран од младинската агенција за развој Restless Development. Повеќе информации на www.restlessdevelopment.org/dynamic-accountability

Sweden Sverige
Developed with financial support from Sida,
the Swedish International Development Cooperation Agency.

12 ЗАЛОЖБИ ЗА ДИНАМИЧНА ОТЧЕТНОСТ

ГЛОБАЛЕН СТАНДАРД
ЗА ОТЧЕТНОСТ НА ГРАѓАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

csostandard.org
@CSOStandard
feedback@csostandard.org